РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-456/5
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23- та седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2914/1 од 11.11.2024 година, оформен по пријава со наводи против поранешен директор на Управата ---- ------- -----------, поради сомневање за незаконитости при исплата на финансиски средства од Буџетот на Управата ---- ------- --------- во 2024 година, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за дел од наводите нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај поради тоа што истите не се потврдуваат, додека за останатите наводи се води постапка пред друг надлежен орган која е во тек и не е донесен акт од негова надлежност.

Предметот со број 12-2914/1 од 11.11.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 11.11.2024 година, доставена е пријава против лицето --------- ----------, поранешен директор на Управата ---- ------- -----------, поради сомневање за незаконитости при исплата на финансиски средства од Буџетот на Управата извршени во 2024 година за време на изборниот период. По пријавата е оформен е предмет број 12-2914/1 од 11.11.2024 година.

Во доставената пријава се изнесени наводи дека од страна на Секторот за внатрешна ревизија при Управата ---- ------- -----------, (во натамошниот текст -----), била извршена ревизија на трошењето на финансиските средства на буџетот на Управата, спроведена како вонредна ревизија на ден 13.08.2024 година. При ревизијата било констатирано дека во периодот од 01.01.2024 - 30.06.2024 година, биле донесени Одлуки за финансиска поддршка на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Синдикалната организација „--------------", со кои во неколку наврати бил исплатен вкупен износ од 4.658.771,00 денари. Овие исплати биле реализирани согласно член 97 од склучениот Колективен договор со синдикалната организација, со кој било уредено работодавачот - ----- финансиски да ги поддржува активностите на синдикалната организација од сопствени приходи на Управата во текот на претходната година во износ од 1,5% на годишно ниво кој се пресметувал врз основа на остварените приходи на ------ во текот на претходната година. Средствата за оваа намена се користеле по претходно поднесено барање за износот и намената до работодавачот на квартално ниво, а за нивното наменско користење синдикалната организација имала обврска да поднесува квартални финансиски извештаи. При Ревизијата е утврдено дека Одлуките за исплатените средства биле донесени по претходни барања за финансиска поддршка доставени од Синдикалната организација согласно Колективниот договор, како и дека вкупно исплатениот износ не го надминувал процентот од 1,5% утврден со Колективниот договор кој се однесува за цела 2024 година. Исто така на увид на Ревизијата и биле доставени и кварталните финансиски извештаи изготвени од синдикалната организација.

Подносителот на пријавата се сомнева дека погоренаведените исплати биле извршени во период непосредно пред започнувањето на изборниот процес односно, по донесувањето на Решението за распишување на избори за пратеници во Собранието на РСМ од 14.02.2024 година, а пријавеното лице ги донело и ги потпишало Одлуките за исплата на средства иако во периодот кога се вршеле исплатите било носител на Листа во изборна единица 3 од СДСМ. Оттаму според подносителот, со вака преземените дејствија, а во својство на поранешен директор на -----, пријавеното лице постапило спротивно на член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот законик и во врска со забраната дефинирана во член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Исто така подносителот смета дека е направена злоупотреба во делот на исплата парични средства на Синдикалната организација ----------- која била извршена спротивна на членот 195 од Законот за работни односи, кој гласи „ Работодавачите и нивните здруженија не смеат да имаат надзор над основањето и дејствувањето на синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво, ниту со цел на таков надзор смеат да ги финансираат или на друг начин потпомагаат синдикатите, односно нивните здруженија на повисоко ниво".

Имајќи ги предвид наодите од Ревизорскиот извештај и согласно член 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, подносителот до ДКСК ја поднесува предметната пријава за сомневање за корупција.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара податоци и информации од Управата ---- ------- ----------- и од предметната Синдикална организација.

По барањата на ДКСК доставени се бараните информации со прилог документација и по разгледување на истите утврдена е следната фактичка состојба:

- Исплатените средства за финансиска поддршка се реализирани од сопствени приходи на Управата ---- ------- -----------и нивната исплата е врз основа на Колективен договор склучен на 12.07.2023 година, а во кој е уредено работодавачот финансиски да ги поддржува активностите на синдикалната организација од сопствени приходи на Управата во износ од 1,5% на годишно ниво кој се пресметува врз основа на остварените приходи во текот на претходна година.
- Решението за распишување на избори за пратеници во Собранието на РСМ е донесено на 14.02.2024 година. Согласно член 8-а став 1 алинеја 2 од Изборниот Законик, како и член 34 став 1 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: "Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може: да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори."
-За исплатените средства донесена е Одлука од работодавачот по претходно доставени барања од синдикалната организација од 26.01.2024, 22.02.2024 и 22.04.2024 година, а воедно за наменското користење на средствата се изготвени и доставени квартални извештаи, што значи дека во постапката се испочитувани одредбите од Колективниот договор.
-Средствата за финансиска поддршка се исплатени во вкупен износ од 4.658.771, 00 денари во три наврати и тоа: на ден 28.02.2024 година во износ од 1.650.000,00 денари, потоа на ден 06.03.2024 година во износ од 1.758.771,00 денари и на ден 21.05.2024 година во износ од 1.250.000,00 денари. (*видно од приложените аналитички картици*). Исплатените средства се во рамки на процентот на износот предвиден во колективниот договор, 1% на годишно ниво од остварените приходи на ---- во претходната година и истите се потрошени со донесена одлука и наменски за цели и активности на синдикалната организација, а во согласност со Правилникот за правото на користење на средствата донесен на седница на Синдикалната организација одржана на 10.01.2024 година. (*одржување на ден на финансиски работници, синдикални состаноци, работни состаноци на органи и тела, синдикални школи и семинари, тим билдинг, учество на спортски игри и средби и др. активности.)* Остатокот од средствата биле предвидени како еднократна исплата на парични средства од сопствени приходи во износ од 0,5 % од остварените сопствени приходи на Управата во претходната година како финансиска поддршка за Солидарниот фонд на синдикалната организација.

- Државниот трудов инспекторат постапил по претставка од Синдикалната организација за повреда на правата на вработените и од негова страна бил изготвен записник за вонреден инспекциски надзор извршен во Управата ---- ------- ----------- на 02.02.2024 година. При надзорот бил извршен увид и на средствата со кои работодавачот финансиски ги поддржува активностите на синдикалната организација, при што е констатирано дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор.
- За предметните исплати средствата се предвидени на годишно ниво од остварените сопствени приходи на ---- во претходната 2023 година и истите се исплатуваат во рамка на предвидената одлука/програма по која ќе се спроведуваат и организираат посочените активности на синдикалната организација и во рамки на предвидениот износ, начин и динамика утврдена со Колективен договор како обврска на работодавачот во околности кога одредбите на договорот станале задолжителни правни правила кои двете страни имаат обврска да ги почитуваат и применуваат. Оттаму, предметните исплати не претставуваат вонредни исплати на кои се однесуваат забраните за вонредни исплати за време на изборен период, односно истите се однесуваат на веќе планирани активности од страна на синдикатот.
-Во однос на наводите кои се однесуваат на неусогласеноста на Колективниот договор со одредбите на член 195 од Законот за работни односи, Управата ---- ------- ----------- на ден 25.02.2025 година до Уставен суд на РСМ има поднесено Иницијатива за оценување на уставност и законитост на одредбите од член 97 и 98 од Колективниот договор од 12.07.2023 година склучен со Синдикалната организација -----------, од причина што смета дека оспорените одредби кои се однесуваат на финансиска поддршка на активности на синдикалната организација се спротивни на членот 195 од Законот за работни односи и основното начело на владеењето на правото и со истата се повредува едно од темелните вредности на Уставот на РСМ. Постапката по оваа Иницијатива е во тек и не е донесено Решение од Уставен суд.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за дел од наводите не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, додека за останатиот дел од наводите постапува друга надлежна институција односно Уставниот суд на РСМ и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц.,Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК
Доставено до
-подносителот на пријавата

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**